# Соопштение за собирање информации

**За Western Health да обезбеди здравствени услуги (вклучувајќи болнички услуги, дијагностичко снимање, амбулантски услуги и услуги во установи за нега на стари лица), да спроведува клинички проби и испитувачки активности, да вработува и обучува персонал, треба да собираме лични информации или здравствени информации (вклучувајќи видео надзор - CCTV) (информации) за нашите пациенти, нашиот персонал и други поединци.**

Со давањето на вашите информации, вие се согласувате дека тие ќе бидат собрани, складирани, користени и предадени од страна Western Health во согласност со ова соопштение и нашата Одредба за приватност на информации (Information Privacy Policy), достапни на нашата веб-страница.

Ние, исто така, може да собираме информации за вас од трети страни како што се нашите даватели на услуги, здравствени работници кои ве лекуваат и владини агенции.

Ако не ни ги дадете вашите информации, може нема да можеме да ви ги обезбедиме услугите што ги барате од нас, да ве вработиме или на друг начин да работиме или да извршуваме трансакции со вас.

Ако сте пациент, ние може да ги предадеме вашите информации на други лица, вклучувајќи ги здравствените работници кои ве лекуваат, вашето лице за итен контакт/најблизок, организациите кои го финансираат обезбедувањето на нашите услуги за вас (како што се TAC или WorkCover) и владините служби како што е Medicare.

Исто така, кога со закон тоа се бара од нас, извесни информации за пациенти кои имаат одредени заболувања ќе им предадеме на Владата на Викторија или Комонвелтот, на нивните оддели или агенции и на организациите кои водат регистар за здравје или болест.

Ние може да ги предадеме вашите информации на трети страни кои ни обезбедуваат производи и услуги или ги обезбедуваат на вас преку нас и на друг начин, во согласност со нашата Одредба за приватност на информации (Information Privacy Policy). Вашите информации може да ги предадеме надвор од Викторија и/или во странство.
Ако се согласите, може да ве контактираме со нови информации за Western Health. Освен ако сте ни кажале да не го правиме тоа, може да споделиме ограничени информации со Фондацијата Western Health за собирање на донации.

Доколку повеќе не сакате да добивате комуникации од нас, може да ги откажете во секое време во согласност со нашата Одредба за приватност на информации. Нашата Одредба за приватност на информации содржи повеќе информации за тоа како постапуваме со вашите лични информации, за вашите права на пристап и како да контактирате со нас.